# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА КОЧАНИ

| БРОЈ 9 | КОЧАНИ, 31 АВГУСТ 2016 ГОДИНА | ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА |
|---|---|---|

Врз основа на членот 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), Градоначалникот на Општина Кочани, донесе

### З А К Л У Ч О К
за објавување на актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани одржана на 31.08.2016 година

I

Ги објавувам актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани, одржана на 31.08.2016 година, и тоа:

1.Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови, урбанистичко - планска документација и урбанистичко-проектна документација на подрачјето на Општина Кочани за 2016 година, Бр.09-1610/1;

2.Одлука за изменување на Одлуката за реализација на проектот „Локален пат – ул.'Гоце Делчев' за поврзување на с.Оризари со регионален пат и град Кочани - прв дел“, Бр.09-1605/1;

3.Одлука за давање согласност на договор за примање донација, Бр.09-1606/1;

4.Одлука за давање помош на граѓаните зафатени од поплави на подрачјето на град Скопје, Бр.09-1607/1;

5.Одлука за донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намена за КП бр.1758 КО Горни Подлог, Бр.09-1611/1;

6.Одлука за донесување урбанистичко - планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти изградени надвор од планскиот опфат за КП бр.4434/1 КО Полаки; за КП бр.1005 КО Пантелеј; за КП бр.847 КО Тркање; за КП бр.40 КО Оризари и КП бр.5444 КО Оризари; за КП бр.877 КО Тркање, Бр.09-1612/1;

7.Решение за именување член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ – Кочани, Бр.09-1613/1;

8.Решение за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈОУ Библиотека „Искра“ – Кочани, Бр.09-1614/1;

9.Решение за именување член на Училишниот одбор на СОУ „Гошо Викентиев“ – Кочани, Бр.09-1615/1;

10.Заклучок за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во општинските основни и средни училишта од општина Кочани за учебната 2016-2017 година, Бр.09-1602/1;

11.Заклучок за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за период II квартал 2016 година, Бр.09-1603/1;

12.Заклучок за усвојување на Извештајот за работењето на КЈП „Водовод“ – Кочани за периодот од 01.01. до 30.06.2016 година, со финансиски показатели, Бр.09-1604/1;

13.Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Кочани за период од 01.01. – 30.06. 2016 година, Бр.09-1608/1;

14.Заклучок за усвојување на Извештајот за работењето на комуналните редари во општинската администрација во Општина Кочани за периодот од јануари до јуни 2016 година, Бр.09-1609/1.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 08-1616/1
31.08.2016 година
К о ч а н и

Градоначалник
на Општина Кочани,
Ратко Димитровски

---

Врз основа на членот 20, став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 199/2014, 44/2015, 193/2015 и 31/2016) Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на ден 31.08. 2016 година донесе

ПРОГРАМА
за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови, урбанистичко-планска документација, и урбанистичко-проектна документација на подрачјето на Општина Кочани
за 2016 година

I.

Во Програмата за изработка на урбанистички планови, урбанистичко-планска документација, и урбанистичко-проектна документација на подрачјето на Општина Кочани за 2016 година бр. 09-2373/1 од 14.12.2016г. , бр.09-724/1 од 05.04.2016г. и бр. 09-862/1 од 27.04.2016г., и бр. 09-1030/1 од 27.05.2016,(Службен гласник на Општина Кочани бр. 11/2015 , бр. 4/2016 и бр.5/2016 ) се врши следната дополна:

Во поглавје Д./ ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА , се додава една нова точка 1, која гласи:

| Д./ ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Локална урбанистичко-планска документација за пречистителна станица на КП 802 и дел од КП 797 КО Мојанци Општина Кочани |  | Општина Кочани |

II

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1610/1
31.08.2016 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Јордан Димитров

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на ден 31 08. 2016 година, донесе

## О Д Л У К А
### за изменување на Одлуката за реализација на проектот „Локален пат - ул.'Гоце Делчев' за поврзување на с.Оризари со регионален пат и град Кочани – прв дел“

Член 1

Во Одлуката за реализација на проектот „Локален пат - ул.'Гоце Делчев' за поврзување на с.Оризари со регионален пат и град Кочани – прв дел“(„Службен гласник на Општина Кочани“ бр.1/2015), се врши следната измена:
Во членот 1:

- Зборовите „вредноста на проектот е 290.290 евра“ се заменуваат со зборовите „ вредноста на проектот е 315.607 евра “

Во членот 2:
- Зборовите „Буџетот на Општина Кочани за 2015 година “ се заменуваат со зборовите „Буџетот на Општина Кочани за 2017 година“.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1605/1
31.08.2016 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Јордан Димитров

---

Врз основа на членот 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 5/02), а во врска со членот 3, став 1, точка 4 и членот 6 од Законот за донации и за спонзорство во јавните дејности („Службен весник на РМ“ број 47/2006; 86/2008; 51/2011; 28/2014 и 153/2015) и членот 6, став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/2004; 96/2004; 67/2007; 156/2009; 47/2011 и 192/2015), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на ден 31.08.2016 година, донесе

## О Д Л У К А
### за давање на согласност на договор за примање на донација

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување договор за примање донација за опремување на две занимални во ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ – Кочани, со 18 масички, 50 столчиња и 50 креветчиња. Донацијата е од Сојузна Република Германија по барање за финансиска поддршка за реализација на мал проект и е во вредност од 284.905,00 денари.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1606/1
31.08.2016 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Јордан Димитров

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“, бр.5/02), а во согласност со членот 31, став 3 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ“, бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/011 и 192/015), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на ден 31.08.2016 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање помош на граѓаните зафатени од поплави на подрачјето на град Скопје

### Член 1

Општина Кочани обезбедува помош на граѓаните зафатени од поплавите на подрачјето на град Скопје од 06.08.2016 година и тоа:

- Прехранбени продукти (вода за пиење), во износ до 150.000,00 денари.

### Член 2

Средствата за плаќање на стварите од членот 1 оваа одлука да се обезбедат од Буџетот на Општина Кочани за 2016 година, од постојаната резерва.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1607/1
31.08.2016 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Јордан Димитров

---

Врз основа на членот 10, став 4 и членот 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15 и 217/15) и членот 2, став 1, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 и 217/15), Советот на Општина Кочани, на седницата одржана на 31.08.2016 година, донесе

## О Д Л У К А
## за донесување урбанистичко-планска документација за усогласување на намена за КП бр.1758 КО Горни Подлог;

### Член 1

Се утврдува да се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намена во урбанистичко-планската документација за град Кочани.

### Член 2

Согласно членот 1 од оваа одлука, со урбанистичко-планската документација да се изврши:

1. Усогласување на намена гробишта, дефинирана со важечкиот Деталниот урбанистички план за Горни Подлог, донесен со Одлука бр.08-6382/1 од 05.12.1985 год., заради вклопување на бесправно изградениот објект со намена помошен објект означен како зграда 3 изградена на КП бр.1758 КО Горни Подлог, запишана во Имотен лист бр.390, КО Горни Подлог.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот

на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1611/1
31.08.2016 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Јордан Димитров

---

Врз основа на членот 10, став 4 и членот 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15 и 217/15) и членот 2, став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на РМ“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 и 217/15), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 31.08.2016 година, донесе

## О Д Л У К А
### за донесување урбанистичко-планска документација за вклопување бесправно изградени објекти изградени надвор од планскиот опфат за КП бр.4434/1 КО Полаки; за КП бр.1005 КО Пантелеј; за КП бр.847 КО Тркање; за КП бр.40 КО Оризари и КП бр.5444 КО Оризари; за КП бр.877 КО Тркање

Член 1

Се утврдува да се донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се вклопат бесправно изградените објекти во урбанистичко-планската документација.

Член 2

1. Согласно членот 1 од оваа одлука, со урбанистичко-планската документација да се изврши вклопување на бесправно изграден објект со намена семејна куќа, означен како зграда 2, изграден на КП бр.4434/1 КО Полаки, запишани во Имотен лист бр.161 за КО Полаки.

2. Согласно членот 1 од оваа одлука, со урбанистичко-планската документација да се изврши вклопување на бесправно изграден објект со намена викенд-куќа, означен како означен како зграда 3, изграден на КП бр.1005 КО Пантелеј , запишани во Имотен лист бр.112 за КО Пантелеј.

3.Согласно членот 1 од оваа одлука, со урбанистичко-планската документација да се изврши вклопување на бесправно изграден објект со намена за лесна и незагадувачка индустрија – Г2 и тоа бесправен објект означени како зграда 1, изграден на КП бр.847 КО Тркање запишана во Имотен лист бр.1293 за КО Тркање .

4.Согласно членот 1 од оваа одлука, со урбанистичко-планската документација да се изврши вклопување на бесправно изграден објект со намена за базен и тоа бесправен објект означени како зграда 4, изграден на КП бр.40 КО Оризари запишана во Имотен лист бр.1 за КО Оризари и КП бр.5444 КО Оризари запишана во Имотен лист бр.3 за КО Оризари.

5.Согласно членот 1 од оваа одлука, со урбанистичко-планската документација да се изврши вклопување на бесправно изграден објект со намена за лесна и незагадувачка индустрија – Г2 и тоа бесправен објект означени како зграда 1, изграден на КП бр.877 КО Тркање запишана во Имотен лист бр.435 за КО Тркање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани„.

Бр.09-1612/1
31.08.2016 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Јордан Димитров

---

Врз основа на членот 114, став 13 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“, бр. 23/13, 12/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/2015 и 27/2016), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 31.08.2016 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ – Кочани

I

За член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ – Кочани се именува:

- Димитар Димитров, дипломиран економист, вработен во ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ – Кочани.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1613/1
31.08.2016 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Јордан Димитров

---

Врз основа на членот 13, став 2 од Законот за библиотеките („Службен весник на РМ“ бр. 66/2004, 89/2008, 116/2010, 51/2011, 88/2015, 152/2015 и 39/2016), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 31.08.2016 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈОУ Библиотека „Искра“- Кочани

I

1. Румена Никола Тодорова – се разрешува од член на Управниот одбор на ЈОУ Библиотека „Искра“ – Кочани.
2. Лимонка Паунова, вработена во ЈОУ Библиотека „Искра“ – Кочани, се именува за член на Управниот одбор на ЈОУ Библиотека „Искра“ – Кочани.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1614/1
31.08.2016 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Јордан Димитров

---

Врз основа на членот 88, став 5 од Законот за средно образование („Службен весник на РМ“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/010, 116/010, 156/010, 18/11, 51/11, 6/012, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14 , 10/15, 98/2015,

145/2015, 30/2016 и 127/2016), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 31.08.2016 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување член на Училишниот одбор на СОУ „Гошо Викентиев“ – Кочани

I

За член на Училишниот одбор на СОУ „Гошо Викентиев“ – Кочани се именува:

- Јордан Јорданов – референт за стопанисување со станбен и деловен простор во Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење на РМ – Подружница Кочани.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1615/1
31.08.2016 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Јордан Димитров

---

Врз основа на членот 41, став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ“ бр.103/2008 и 33/20010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 51/2011, 6/20012, 100/20012, 24/20013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 135/2014, 10,2015, 98/2015, 145/2015,30/2016 и 127/2016) и членот 28, став 3 од Законот за средно образование („Службен весник на РМ“ бр.44/95, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 52/2002, 40/2003,67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/20013 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015145/2015, 30/2016 и 127/2016), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 31.08.2016 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во општинските основни и средни училишта од општина Кочани за учебната 2016-2017 година

I

1. Се дава согласност за формирање паралелки со помал број ученици во општинските основни и средни училишта од општина Кочани за учебната 2016-2017 година.

II

Составен дел на овој Заклучок се:

Преглед бр. I – Паралелки со помал број ученици во ОУ „Крсте Петков Мисирков“ с. Оризари – Кочани, за учебната 2016-2017 година

Преглед бр. II – Паралелки со помал број ученици во ОУ „Никола Карев“- Кочани, за учебната 2016-2017 година

Преглед бр. III – Паралелки со помал број ученици во ОУ„Св.Кирил и Методиј“ – Кочани, за учебната 2016-2017 година

Преглед бр. IV – Паралелки со помал број ученици во ОУ „Раде Кратовче“ –Кочани, за учебната 2016-2017 година

Преглед бр.V – Паралелки со помал број ученици во ООУ„Малина Попиванова“ – Кочани, за учебната 2016-2017 година

Преглед бр.VI – Паралелки со помал број ученици во ОМУ „Ристо Јуруков“ – Кочани за учебната 2016-2017 година

Преглед бр. VII – Паралелки со помал број ученици во СОУ„Љупчо Сантов“ – Кочани, за учебната 2016-2017 година

Преглед бр. VIII – Паралелки со помал број ученици во СОУ „Гошо Викентиев“ – Кочани, за учебната 2016-2017 година

ПРЕГЛЕД (бр.1) ОУ „КРСТЕ П. МИСИРКОВ"

| ОУ "Крсте П.Мисирков" Оризари | I - одд. | | II - одд. | | III - одд. | | IV - одд. | | V - одд. | | **Вкупно I-V одд.** | | VI | | VII - одд. | | VIII - одд | | IX - одд. | | **Вкупно VI-IX одд.** | | **ВКУПНО I-IX одд.** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **општина Кочани** | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал |
| **основно училиште** | 21 | 2 | 31 | 2 | 22 | 2 | 40 | 2 | 24 | 2 | **138** | **10** | 30 | 2 | 32 | 2 | 28 | 2 | 20 | 2 | **110** | **8** | **248** | **18** |
| **подрачно училиште** | | | 2 | | 6 | | | | | | **8** | **1 комб.** | | | | | | | | | | | **8** | **1 комб.** |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | **256** | **19** |

ПРЕГЛЕД (бр.II) ОУ " НИКОЛА КАРЕВ"

| ОУ„Никиола Карев,, | I - одд. | | II - одд. | | III - одд. | | IV - одд. | | V - одд. | | **Вкупно I-V одд.** | | VI | | VII - одд. | | VIII - одд | | IX - одд. | | **Вкупно VI-IX одд.** | | **ВКУПНО I-IXодд.** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општина Кочани** | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал |
| **Основно училиште** | 45 | 2 | 51 | 3 | 37 | 2 | 52 | 3 | 51 | 3 | **236** | **13** | 61 | 3 | 71 | 4 | 72 | 4 | 68 | 4 | **272** | **15** | **508** | **28** |
| **Подрачно училиште Грдовци** | 5 | 1 | 9 | 1 | 5 | 1 | 5 | 1 | 14 | 1 | **38** | **5** | | | | | | | | | **38** | **5** | **38** | **5** |
| **Подрачно училиште Тркање** | 13 | 1 | 14 | 1 | 9 | 1 | 14 | 1 | 6 | 1 | **56** | **5** | 61 | 3 | 71 | 4 | 72 | 4 | 68 | 4 | **56** | **5** | **56** | **5** |

ПРЕГЛЕД (бр.III) ОУ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

| ОУ„Св.Кирил и Методиј“ | I - одд. | | II - одд. | | III - одд. | | IV - одд. | | V - одд. | | **Вкупно I-V одд.** | | VI | | VII - одд. | | VIII - одд | | IX - одд. | | **Вкупно VI-IX одд.** | | **ВКУПНО I-IXодд.** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општина Кочани** | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал |
| **Основно училиште** | / | / | 93 | 4 | / | / | 90 | 4 | 77 | 4 | **260** | **12** | / | / | / | / | 89 | 4 | / | / | **89** | **4** | **349** | **16** |
| **Подрачно училиште с. Г. Подлог** | 15 | 1 | 14 | 1 | 10 | 1 | 14 | 1 | 10 | 1 | **63** | **5** | 8 | 1 | 18 | 1 | 13 | 1 | 16 | 1 | **55** | **4** | **118** | **9** |
| **ПУ с. Бели** | 3 | 1 | 3 | 0 | 5 | 1 ком. | 4 | 0 | 3 | 1 ком. | 15 | 3 | | | | | | | | | | | **15** | **3** |

ПРЕГЛЕД (бр.IV) ОУ „РАДЕ КРАТОВЧЕ“

| ОУ„ Раде Кратовче“ | I - одд. | | II - одд. | | III - одд. | | IV - одд. | | V - одд. | | **Вкупно I-V одд.** | | VI | | VII - одд. | | VIII - одд | | IX - одд. | | **Вкупно VI-IX одд.** | | **ВКУПНО I-IXодд.** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општина Кочани** | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал |
| **Основно училиште „Раде Кратовче“** | 56 | 3 | 63 | 3 | 44 | 3 | 54 | 3 | 40 | 3 | **257** | **15** | 49 | 3 | 32 | 3 | 48 | 3 | 49 | 3 | **178** | **12** | **435** | **27** |
| **Подрачно училиште** | / | / | 1 | / | 2 | / | 2 | / | 1 | 1 | **6** | **1 комбинир ана** | / | / | 2 | / | 2 | 1 комбинир ана | 5 | 1 | **9** | **2** | **15** | **3** |
| с.Нивичани | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

ПРЕГЛЕД (бр.V) ОУ "МАЛИНА ПОПИВАНОВА"

| ОУ „МАЛИНА ПОПИВАНОВА" КОЧАНИ | I - одд. | | II - одд. | | III - одд. | | IV - одд. | | V - одд. | | **Вкупно I-V одд.** | | VI | | VII - одд. | | VIII - одд | | IX - одд. | | **Вкупно VI-IX одд.** | | **ВКУПНО I-IXодд.** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општина Кочани** | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал | Учени. | Парал |
| **ОУ „Малина Попиванова" Кочани** | 70 | 3 | 73 | 3 | 62 | 4 | 52 | 4 | 63 | 3 | **322** | **17** | 72 | 4 | 53 | 3 | 63 | 3 | 79 | 4 | **260** | **14** | **589** | **31** |
| **Подрачно училиште** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Преглед бр.6

на дадено мислење за формирање чисти паралелки со помалку од 8 ученици за учебна 2016/17 година

**ООМУ „Ристо Јуруков“ - Кочани**

<u>Деветгодишно образование</u>

| ОПШТИНА | Основно Училиште | Наставен јазик | За кое ЦОУ или ПОУ | Број на чисти паралелки со помалку од 8* ученици | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | VII одд. (шест) | | VI одд. (шест) | | Вкупно | | Бр. на ученици со П.П. вклучени во паралелки | |
| | | | | пр. | уч. | пр. | уч. | пр. | уч. | | |
| Кочани | ООМУ „Ристо Јуруков“ | Мак | ОМУ | 1 | 7 | | | **1** | **7** | | |

<u>Шестгодишно образование</u>

| ОПШТИНА | Основно Училиште | Наставен јазик | За кое ЦОУ или ПОУ | Број на чисти паралелки со помалку од 8* ученици | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | V одд. | | Вкупно | | Бр. на ученици со П.П. вклучени во паралелки | |
| | | | | пр. | уч. | пр. | уч. | | |
| Кочани | ООМУ „Ристо Јуруков“ | Мак | ОМУ | 1 | 6 | **1** | **6** | | |

ПРЕГЛЕД (бр.VII) СОУ „ЉУПЧО САНТОВ“

Во СОУ „Љупчо Сантов“ – Кочани во учебната 2016/2017 следните паралелки се со помал број од 25 ученици:

- I 1 паралелка = 19 ученици. Причина: Комбинираност по основ на странски јазик - 2
- I 2 паралелка = 19 ученици. Причина: Комбинираност по основ на странски јазик - 2
- I 3 паралелка = 20 ученици. Причина: Комбинираност по основ на странски јазик - 2
- I 4 паралелка = 18 ученици. Причина: Комбинираност по основ на странски јазик - 2
- I 5 паралелка = 14 ученици. Причина: Комбинираност по основ на странски јазик - 2
- I 6 паралелка = 15 ученици. Причина: Комбинираност по основ на странски јазик - 2
- I 7 паралелка = 15 ученици. Причина: Комбинираност по основ на странски јазик - 2
- I 8 паралелка = 15 ученици. Причина: Комбинираност по основ на странски јазик - 2
- II 2 паралелка = 22 ученици. Причина: Комбинираност по основ на странски јазик - 2 и запишување во друго училиште
- II 5 паралелка = 22 ученици.Причина: Комбинираност по основ на странски јазик - 2
- II 6 паралелка = 19 ученици.Причина: Комбинираност по основ на странски јазик - 2
- II 7 паралелка = 13 ученици.Причина: Комбинираност по основ на странски јазик - 2 и заминување на ученици во друго училиште
- II 8 паралелка = 24 ученици.Причина: Комбинираност по основ на странски јазик - 2 и заминување на ученици во странство
- III 1 паралелка = 23 ученици.Причина: Заминување во странство и префрлување на ученик како вонреден ученик
- III 2 паралелка = 20 ученици.Причина: Комбинираност по основ на странски јазик 2 и запишување на ученик во друго училиште
- III 3 паралелка = 20 ученици.Причина: Комбинираност по основ на странски јазик 1
- III 4 паралелка = 20 ученици.Причина: Комбинираност по основ на странски јазик 1 и 2
- III 5 паралелка = 24 ученици.Причина: Префрлување на два ученика во друга паралелка
- III 6 паралелка = 20 ученици.Причина: Комбинираност по основ на странски јазик 1 и 2
- III 7 паралелка = 19 ученици.Причина: Комбинираност по основ на странски јазик 2
- III 8 паралелка = 14 ученици.Причина: Комбинираност по основ на странски јазик 1 и 2
- IV 4 паралелка = 21 ученици.Причина: Комбинираност по основ на странски јазик 2
- IV 6 паралелка = 23 ученици.Причина: Комбинираност по основ на странски јазик 1 и 2
- IV 8 паралелка = 13 ученици.Причина: Комбинираност по основ на странски јазик 1 и 2 и заминување на ученици во странство и друго училиште

ПРЕГЛЕД (бр.VIII) СОУ „ГОШО ВИКЕНТИЕВ“

| Општина/Град Скопје | Средно училиште | гимназиско или стручно образование | I година | | II година | | III година | | IV година | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ученици | паралелки | ученици | паралелки | ученици | паралелки | ученици | паралелки | ученици | паралелки |
| **Кочани** | **СОУ„Гошо Викентиев“** | стручно | **18** | 1 М1 машински техничар | **23** | 2М1 машински техничар | **18** | 3М1 машински техничар | **14** | 4М1 машински техничар | | |
| | | стручно | **22** | 1 М2 техничар за компјутерско управување | **16** | 2М3 машинско - енергетски техничар | **21** | 3М2 техничар за компјутерско управување | **21** | 4М2техничар за компјутерско управување | | |
| | | стручно | **11** | 1М3 машинско - енергетски техничар | **21** | 2М4 Автомеханичар | **12** | 3М3 машинско - енергетски техничар | **10** | 4М3 машинско - енергетски техничар | | |
| | | стручно | **11** | 1М4 Автомеханичар | **24** | 2Е2 електротехничар за електроника и телекумуникации | **16** | 3М4 Автомеханичар | **24** | 4Е3 електротехничар за електроника и телекомуникации | | |
| | | стручно | **19** | 1Е1 електротехничар за електроника и телекумуникации | **23** | 2Е4 електротехничар енергетичар | **22** | 3Е1 електротехничар за електроника и телекомуникација | **24** | 4Е4 електротехничар енергетичар | | |
| | | стручно | **19** | 1Е2 електротехничар за електроника и телекумуникации | **16** | 2Е5 електроинсталатер и монтер / електромеханичар | **20** | 3Е2 електротехничар за електроника и телекомуникација | | | | |
| | | стручно | **19** | 1Е4 - електротехничар енергетичар | | | **10** | 3Е5 електромеханичар-автоелектричар | | | | |
| | | стручно | **10** | 1Е5 електромеханичар | | | | | | | | |
| | | стручно | **17** | 1С -транспорт и шпедиција | | | | | | | | |
| | | **ВКУПНО** | **147** | **9** | **123** | **6** | **119** | **7** | **93** | **5** | **465** | **26,7** |

III

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1602/1
31.08.2016 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Јордан Димитров

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на ден 31.08.2016 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за период II квартал 2016 година

I

1. Се усвојува Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за период II квартал 2016 година.

II

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1603/1
31.08.2016 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Јордан Димитров

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на ден 31.08.2016 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за работењето на КЈП „Водовод“ – Кочани за периодот од 01.01. до 30.06.2016 година, со финансиски показатели

I

1.Се усвојува Извештајот за работењето на КЈП „Водовод“ – Кочани за периодот од 01.01. до 30.06.2016 година, со финансиски показатели.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1604/1
31.08.2016 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Јордан Димитров

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на ден 31.08.2016 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Кочани за период од 01.01. – 30.06. 2016 година

I

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Кочани за период од 01.01. – 30.06. 2016 година.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1608/1
31.08.2016 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Јордан Димитров

---

Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на ден 31.08.2016 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештајот за работењето на комуналните редари во општинската администрација во Општина Кочани за периодот од јануари до јуни 2016 година

I

1. Се усвојува Извештајот за работењето на комуналните редари во општинската администрација во Општина Кочани за периодот од јануари до јуни 2016 година.

2. Од страна на комуналните редари да се спроведе акција, односно контрола на периферните делови од градот каде сеуште се чуваат домашни животни спротивно на Одлуката за комунален ред на Општина Кочани.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1609/1
31.08.2016 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Јордан Димитров

---

# СОДРЖИНА

1.Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација на подрачјето на Општина Кочани за 2016 година, Бр.09-1610/1;
стр.2

2.Одлука за изменување на Одлуката за реализација на проектот „Локален пат – ул.'Гоце Делчев' за поврзување на с.Оризари со регионален пат и град Кочани - прв дел", Бр.09-1605/1;
стр.3

3.Одлука за давање согласност на договор за примање донација, Бр.09-1606/1;
4.Одлука за давање помош на граѓаните зафатени од поплави на подрачјето на град Скопје, Бр.09-1607/1;
стр.3

5.Одлука за донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намена за КП бр.1758 КО Горни Подлог, Бр.09-1611/1;
стр.4

6.Одлука за донесување урбанистичко-планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти изградени надвор од планскиот опфат за КП бр.4434/1 КО Полаки; за КП бр.1005 КО Пантелеј; за КП бр.847 КО Тркање; за КП бр.40 КО Оризари и КП бр.5444 КО Оризари; за КП бр.877 КО Тркање, Бр.09-1612/1;
стр.4

7.Решение за именување член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Павлина Велјанова" – Кочани, Бр.09-1613/1;
стр.5

8.Решение за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈОУ Библиотека „Искра" – Кочани, Бр.09-1614/1;
стр.6

9.Решение за именување член на Училишниот одбор на СОУ „Гошо Викентиев" – Кочани, Бр.09-1615/1;
стр.6

10.Заклучок за давање согласност за формирање паралелки со помал број ученици во општинските основни и средни училишта од општина Кочани за учебната 2016-2017 година, Бр.09-1602/1;
стр.6

11.Заклучок за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Кочани за период II квартал 2016 година, Бр.09-1603/1;
стр.7

12.Заклучок за усвојување на Извештајот за работењето на КЈП „Водовод" – Кочани за периодот од 01.01. до 30.06.2016 година, со финансиски показатели, Бр.09-1604/1;
стр.17

13.Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Кочани за период од 01.01. – 30.06. 2016 година, Бр.09-1608/1;
стр.17

14.Заклучок за усвојување на Извештајот за работењето на комуналните редари во општинската администрација во Општина Кочани за периодот од јануари до јуни 2016 година, Бр.09-1609/1.
стр.18